# АРЦЕЛОРМИТТАЛ СКОПЈЕ (ЦРМ) АД СКОПЈЕ

**Акционерско друштво за производство и промет со производи на црна металургија – ладно валан, поцинкуван и пластифициран лим – Скопје**

***ул. 16-та Македонска бригада бр.18, Скопје***

О Б Ј А В У В А

**ПОКАНА ЗА ЗАПИШУВАЊЕ И УПЛАТА НА ОБИЧНИ АКЦИИ ОД II-РА (ВТОРА) ЕМИСИЈА**

**1.** Поканата за запишување и уплата на обични акции од II-рата (втората) емисија на АРЦЕЛОРМИТТАЛ СКОПЈЕ (ЦРМ) АД Скопје претставува извадок од Проспектот и содржи само основни податоци за издавачот и за хартиите од вредност кои се предмет на понудата. Сите други релевантни податоци кои му овозможуваат на купувачот на хартии од вредност да направи процена за правното, финансиското и деловното работење на издавачот, за инвестициониот ризик и за правата кои произлегуваат од хартиите од вредност се содржани во Проспектот. Одлуката за инвестирање во хартиите од вредност треба да е заснована на целосната содржина на Проспектот која е достапна бесплатно на местата на запишување на хартиите од вредност и на интернет страниците на АРЦЕЛОРМИТТАЛ СКОПЈЕ (ЦРМ) АД Скопје и на Македонската берза на хартии од вредност АД Скопје

**2.1. Податоци за издавачот:**

- **полн назив, фирма и седиште на издавачот;**

  Акционерско друштво за производство и промет со производи на црна металургија – ладно валан, поцинкуван и пластифициран лим – Скопје (АРЦЕЛОРМИТТАЛ СКОПЈЕ (ЦРМ) АД Скопје) со седиште на ул.16-та Македонска бригада бр.18, 1000 Скопје, Р.Македонија

  тел: +389 (2) 3243900; факс: +389 (2) 3243936.

- **датум на регистрација во трговскиот регистар и матичен број на друштвото;**

  Датумот на регистрација во трговскиот регистар е 05.11.1999 година.

  ЕМБС на АРЦЕЛОРМИТТАЛ СКОПЈЕ (ЦРМ) АД Скопје е 5166187.

**Извршен член на Одбор на директори:**

Juan Pedro Jimenez Navarro
Главен извршен директор

**Лице одговорно за изготвување на правните податоци во врска со Проспектот:**

Влатко Десподовски
Адвокат

**Лице одговорно за изготвување на финансиските податоци во врска со Проспектот:**

Душко Дрваров
Главен финансиски директор

- **датум на основање на друштвото и времето за кое е основано друштвото, освен кога е основано за неопределено време:**
  Друштвото е основано со одлука за статусни промени на претпријатието во процес на трансформација донесена од Управниот одбор на ПОС РЖ Скопје – Скопје У.О. бр.09 од 07.03.1997 година, Одлука за трансформација на ПОС РЖ Скопје – Скопје У.О. бр.09 од 07.03.1997 година, Одлука за трансформација на ПОС РЖ Скопје – Скопје и пречистен текст на Одлуката за трансформација на ПОС РЖ Скопје – Скопје бр.02-2438 од 18.06.1997 година, донесена од Управниот одбор на Агенцијата за трансформација на претпријатија со општествен капитал, Одлука за организирање на РЖ Ладна Валавница Ц.О. Скопје бр.02-1667/3 од 23.04.1997 година и Одлука за организирање на РЖ Ладна Валавница Ц.О. Скопје бр. 02-2519/4 од 23.06.1997 година, донесена од Управниот Одбор на Агенцијата за трансформација на претпријатија со општествен капитал и запишано во судскиот регистер под регистерска влошка 1-69689-0-0-0 при Основниот Суд Скопје 1 Скопје.
  Согласно Законот за трговски друштва, Друштвото е регистрирано под Трег бр.11303/98 од 05.11.1999 година, Трег бр.1618/99 од 20.01.2000 година и Трег бр.931/2001 од 09.04.2001 година.

- **правна форма на друштвото;**
  АРЦЕЛОРМИТТАЛ СКОПЈЕ (ЦРМ) АД Скопје е организирано како акционерско друштво согласно Законот за трговски друштва.

- **основни дејности на издавачот;**
  Основната дејност на Друштвото е производство на топло валани лужени котури, ладно валани котури и ладно валан лим, поцинкувани котури и лимови и пластифицирани поцинкувани котури.
  Согласно податоците од Тековната состојба на АРЦЕЛОРМИТТАЛ СКОПЈЕ (ЦРМ) АД Скопје, приоритетна дејност на Друштвото е производство на сурово железо, челик и феролегури (главна приходна шифра 24.10). Исто така, Друштвото е регистрирано за вршење на дејности во надворешно-трговскиот промет.

  Производното портфолио на Друштвото го сочинуваат следниве главни поизводи:
  - *Ладно Валан Лим* - Челиците наменети за ладно обликување имаат одлични перформанси, кои се должат на малите варијации на нивниот хемиски состав и механичките особини, со кои се гарантира стабилност при обработката. Овие квалитети имаат одлична формабилност, што ги олеснува процесите на негово обликување и е идеален за извлекување. Тие се користат во процеси на виткање и извлекување каде карактеристиките како сила, цврстина и еластичност се потребни. Типична примена може да најдат во изработката на апарати за

домаќинство, индустријата за производство на мебел, буриња, радијатори, делови, цевки и мали профили. Ладно Валаниот лим учествува со 6% од вкупното производство, односно со околу 5% во вкупно остварените приходи од продажба на Друштвото.

- *Поцинкуван Лим* - Поцинкуваниот лим може да се користи во многу широк спектар на намени за индустриски пазари, како за внатрешна така и за надворешна употреба. Градежништво: широко делови за покривање и обложување (т.е. покриви и фасади), врати, рамки, метални плафони, парапети, структурни делови и др. Апарати за домашна употреба: сите апарати за овој сектор (како бела и кафеава техника) се произведени со топло поцинкувани челици. Разно: електрични кутии, струјни компоненти, клима уреди, сообраќајни знаци итн. Поцинкуваниот лим учествува со 44% во вкупното производство, односно со 38% во вкупно остварените приходи од продажба.

- *Пластифициран Лим* - Пластифицираниот лим е производ за широка потрошувачка комбинирајќи ги структурните карактеристики на челикот со петенцијалните својства на пластификатот. Пластифицираниот лим е достапен во многу различни бои. Специјално развиени за задоволување на барањата на цврстина, издржливост и исплатливост, овој производ е стандардно решение за ризоко-квалитетни челици покриени со пластификат. Пластифицираниот лим учествува со 50% од вкупното производство, односно со 57% во вкупно остварените приходи од продажба.

- **износ на основната главнина и број, род и класа на хартиите од вредност од кои се состои основната главнина со состојба на денот на последниот биланс на состојба и состојба по промени во основната главнина што настанале по изготвувањето на последниот биланс на состојба;**

Подолу е даден табеларен приказ за износот на основната главнина, бројот, родот и класата на хартиите од вредност од кои се состои основната главнина на АРЦЕЛОРМИТТАЛ СКОПЈЕ (ЦРМ) АД Скопје со состојба од 31.12.2013 година и со состојба од 30.06.2014 година (табела бр.1 и табела бр.2).

***Табела бр.1: Капитал и резерви со состојба од 31.12.2013 година и со состојба од 30.06.2014 година***

| | 31.12.2013 | 30.06.2014 |
|---|---|---|
| **Акционерски капитал** | 5.985.390.000,00 ден. | 5.985.390.000,00 ден. |
| **Ревалоризациони резерви** | 1.103.867.000,00 ден. | 938.093.000,00 ден. |
| **Акумулирана загуба** | -10.321.773.000,00 ден. | -10.505.784.000,00 ден. |

**Податоците со состојба од 31.12.2013 година се ревидирани од овластен ревизор, додека податоците со состојба од 30.06.2014 година не се ревидирани од овластен ревизор.*

**Извршен член на Одбор на директори:**

Juan Pedro Jimenez Navarro
Главен извршен директор

**Лице одговорно за изготвување на правните податоци во врска со Проспектот:**

Влатко Деспотовски
Адвокат

**Лице одговорно за изготвување на финансиските податоци во врска со Проспектот:**

Душко Дрваров
Главен финансиски директор

*Табела бр.2: Број на акции со состојба од 31.12.2013 година и со состојба од 30.06.2014 година*

| | 31.12.2013 | 30.06.2014 |
|---|---|---|
| Број на обични акции | 19.320.176 | 19.320.176 |
| Број на приоритетни акции | 0 | 0 |

**Податоците со состојба од 31.12.2013 година се ревидирани од овластен ревизор, додека податоците со состојба од 30.06.2014 година не се ревидирани од овластен ревизор.*

Со состојба од 31.12.2013 година и со состојба од крајот на првото полугодие од 2014 година, капиталот на АРЦЕЛОРМИТТАЛ СКОПЈЕ (ЦРМ) АД Скопје се состои од 19.320.176 обични акции со поединечна номинална вредност од 5,11 евра.
Со состојба од денот на изготвување на Проспектот, податоците се непроменети.
Според последната тековна состојба издадена од страна на Централниот регистар во Скопје, основната главнина изнесува 5.985.390.967,00 денари (98.784.006,5446 евра).

**2.2. Причините поради кои се врши понудата односно намената на средствата од понудата;**

Причината поради која што се врши понудата на акции е зголемување на основниот капитал на АРЦЕЛОРМИТТАЛ СКОПЈЕ (ЦРМ) АД Скопје и обезбедување на парични средства за враќање на заемот (кредитот) што Друштвото го има земено од ArcelorMittal Holdings AG, Switzerland. Имено, на почетокот на 2014 година, АРЦЕЛОРМИТТАЛ СКОПЈЕ (ЦРМ) АД Скопје го враќа целиот износ на кредитот што го има земено од ArcelorMittal Treasury SNC, при што склучува нов договор за кредит во висина од 67.618.927,00 евра на 29.01.2014 година со ArcelorMittal Holdings AG, Switzerland. Со средствата кои ќе се приберат со новата емисија на акции се планира да се намали или доколку процентот на реализација на емисијата изнесува 100% во целост да се исплати долгот од 67.618.927,00 евра.

**2.3. Податоци за понудата на хартии од вредност;**

- **Бројот и датумот на актот за издавање на хартии од вредност;**

Одлука за зголемување на основната главнина на АРЦЕЛОРМИТТАЛ СКОПЈЕ (ЦРМ) АД Скопје со II –ра (втора) емисија на акции број 0905/407 од 06.03.2014 година, донесена на Собранието на акционери на 06.03.2014 година.

**Извршен член на Одбор на директори:**



Juan Pedro Jimenez Navarro
Главен извршен директор

**Лице одговорно за изготвување на правните податоци во врска со Проспектот:**

Влатко Десподовски
Адвокат

**Лице одговорно за изготвување на финансиските податоци во врска со Проспектот:**

Душко Дрваров
Главен финансиски директор

- **Податоци за согласностите и одобренијата врз основа на кои хартиите од вредност ќе бидат издадени;**
  Одлуката за зголемување на основната главнина на АРЦЕЛОРМИТТАЛ СКОПЈЕ (ЦРМ) АД Скопје со II-ра емисија на акции број 0905/407 од 06.03.2014 година, беше прифатена и одобрена од Собранието на акционери на 06.03.2014 година.
  Оваа емисија е одобрена со решение од Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија бр. УПЛ 07-88 од 07.10.2014 година.
  Во услови на успешно завршување на јавната понуда, односно по запишувањето на акциите во Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје, Друштвото ќе изврши усогласување на Статутот на Друштвото.

- **Бројот на хартии од вредност што се издаваат и номиналната вредност на хартиите од вредност (поединечна и вкупна номинална вредност на емисијата);**
  Со II-рата (втората) емисија на акции се издаваат 13.630.537 обични акции по номинална вредност од 5,11 евра по акција, односно вкупна номинална вредност од 69.652.044,07 евра.

- **Цената по која хартиите од вредност ќе бидат понудени, како и начинот на утврдување на цената согласно правилата на овластена берза преку која ќе се врши запишувањето на јавно понудените хартии од вредност со која издавачот за тоа склучил договор;**
  Цената по која хартиите од вредност ќе бидат понудени изнесува 316,00 денари (односно приближно 5,12 евра во денарска противвредност по среден курс на НБРМ).
  При запишувањето и распределбата на запишаните обични акции се применува моделот на фиксна цена со примена на принципот на приоритет на поголема количина и порано време на внес на налогот во БЕСТ системот.

- **Вкупна вредност на понудата;**
  Вкупната продажна вредност на емисијата изнесува 4.307.249.692,00 денари.

- **Временскиот период во кој понудата ќе биде отворена: датум на започнување на рокот за запишување (ден, месец, година); датум на завршување на рокот за запишување (ден, месец, година); датум на започнување на рокот за уплата (ден, месец, година); датум на завршување на рокот за уплата (ден, месец, година);**
  Постапката на запишувањето и уплатата на акциите ќе отпочне најдоцна во рок од 30 календарски дена од денот на приемот на Одобрението за издавање на акции од страна на Комисијата за хартии од вредност.

**Извршен член на Одбор на директори:**



Juan Pedro Jimenez Navarro
Главен извршен директор

**Лице одговорно за изготвување на правните податоци во врска со Проспектот:**

Влатко Десподовски
Адвокат

**Лице одговорно за изготвување на финансиските податоци во врска со Проспектот:**

Душко Дрваров
Главен финансиски директор

Друштвото ќе ја објави Поканата за запишување и уплата на хартии од вредност на македонски јазик и неговото кирилско писмо во еден од дневните весници што излегуваат на територијата на Република Македонија на 13.10.2014 година. Истовремено, Друштвото ќе ги објави Проспектот и Поканата за запишување и уплата на хартии од вредност на неговата интернет страница како и на интернет страницата на Македонска берза на хартии од вредност.

Датумот на започнување на рокот за запишување и уплата на акциите е 14 календарски дена по објавата на Поканата за запишување и уплата на акциите, односно на 27.10 2014 година.

Датумот на завршување на рокот за запишување и уплата на акциите е 15 дена од денот на започнувањето на запишувањето и уплатата на акциите, односно на 10.11.2014 година.

- **Опис на постапката на запишување и уплата на хартиите од вредност, утврдена согласно правилата на овластена берза преку која ќе се врши запишувањето на јавно понудените хартии од вредност со која издавачот за тоа склучил договор и правилата на овластен депозитар каде се регистрирани хартиите од вредност на издавачот;**

Постапката за запишување и уплата на акциите ќе се врши преку Македонската берза на хартии од вредност, а ќе се спроведе преку овластените учесници на пазарот на хартии од вредност – членки на Македонската берза на хартии од вредност и Централниот депозитар за хартии од вредност, согласно важелката законската и подзаконската регулатива, Правилата за тргување на Македонска берза на хартии од вредност АД Скопје и Правилата за работа на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје.

Акциите се уплатуваат во пари, а уплатата се врши наеднаш.

При запишувањето и распределбата на запишаните обични акции се применува моделот на фиксна цена со примена на принципот на приоритет на поголема количина и порано време на внес на налогот во БЕСТ системот.

При запишувањето секој купувач пополнува уписница кој се дава истовремено со давањето на налогот за купување на хартии од вредност од јавната понуда на хартии од вредност кај овластен учесник на пазарот на хартии од вредност – членка на овластената берза и овластениот депозитар и истата има правна важност од моментот на реализирање на налогот за купување.

Овластениот учесник на пазарот на хартии од вредност - членка на овластената берза и овластениот депозитар на секое лице кое запишало и уплатило хартии од вредност од јавната понуда треба да му достави извештај за склучување на трансакцијата во рок од два дена по денот на склучувањето. Доставувањето на извештајот се врши на начин договорен со клиентот.

**Извршен член на Одбор на директори:** 

Juan Pedro Jimenez Navarro
Главен извршен директор

**Лице одговорно за изготвување на правните податоци во врска со Проспектот:**

Влатко Десподовски
Адвокат

**Лице одговорно за изготвување на финансиските податоци во врска со Проспектот:**

Душко Дрваров
Главен финансиски директор

Проспектот за зголемување на основната главнина на АРЦЕЛОРМИТТАЛ СКОПЈЕ (ЦРМ) АД Скопје со II-ра (втора) емисија на акции по пат на јавна понуда се става на располагање на сите заинтересирани лица во просториите на овластените учесници на пазарот на хартии од вредност – членки на Македонска берза на хартии од вредност АД Скопје:

- Комерцијална банка АД Скопје – Дирекција за вршење на услуги со хартии од вредност;
- Стопанска банка АД Скопје – Дирекција за работа со хартии од вредност и брокерско-посреднички услуги;
- НЛБ Тутунска банка АД Скопје – Служба за услуги со хартии од вредност;
- ТТК Банка АД Скопје - Оддел за работа со хартии од вредност со седиште во Скопје и Работна единица за тргување со седиште во Битола;
- ИНВЕСТБРОКЕР АД Скопје;
- ЕУРОХАУС АД Скопје;
- Илирика Инвестментс АД Скопје;
- Иново Брокер АД Скопје;
- Поштел Брокер АД Скопје и
- Фершпед Брокер АД Скопје

Доколку пред истекот на рокот на запишување и уплата на акциите се запишат и уплатат 100% од понудените акции со II-рата емисија, Друштвото ќе ја прекине постапката и преку соопштение за успешно реализирана емисија ќе ја извести Комисијата за хартии од вредност и јавноста.

По утврдување на трансакциите, повеќе уплатените средства, по основ на повеќе уплатени акции од понудените или запишаните со јавната понуда се враќаат на купувачите на дневна основа.

- **Постапка за распределба на хартиите од вредност во случај да бидат запишани и/или уплатени повеќе хартии од вредност од понудените;**

При запишувањето и распределбата на запишаните обични акции се применува моделот на фиксна цена со примена на принципот на приоритет на поголема количина и порано време на внес на налогот во БЕСТ системот.

По утврдување на трансакциите, повеќе уплатените средства, по основ на повеќе уплатени акции од понудените или запишаните со јавната понуда, се враќаат на купувачите на дневна основа.

- **Доколку во актот за издавање на хартиите од вредност е предвидено хартиите од вредност да се продаваат во лотови се наведуваат податоците за најмалиот и/или најголемиот износ кој е може да се запише и уплати;**

**Извршен член на Одбор на директори:**

Juan Pedro Jimenez Navarro
Главен извршен директор



**Лице одговорно за изготвување на правните податоци во врска со Проспектот:**

Влатко Десподовски
Адвокат

**Лице одговорно за изготвување на финансиските податоци во врска со Проспектот:**

Душко Дрваров
Главен финансиски директор

Во актот за издавање не е придвидено акциите да се продаваат во лотови од повеќе од една акција.

- **Начин на плаќање на хартиите од вредност, утврден согласно правилата на овластена берза преку која ќе се врши запишувањето на јавно понудените хартии од вредност со која издавачот за тоа склучил договор и правилата на овластен депозитар каде се регистрирани хартиите од вредност на издавачот;**
Акциите се уплатуваат во пари. Плаќањето на акциите се врши во денари согласно важечката законската и подзаконската регулатива, Правилата за тргување на Македонска берза АД Скопје и Правилата за работа на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје.
Уплатата се врши наеднаш.
Средствата за купување на акциите купувачите ги уплатуваат на сметките на овластените правни лица – членки на Македонската берза на хартии од вредност АД Скопје. Членките на Македонската берза на хартии од вредност АД Скопје, уплатените средства за запишување и купување на акции од II-рата (втората) емисија, на дневна основа ги пренесуваат на посебната сметка во Охридска банка АД Охрид отворена за таа намена бр.530-0107016985-15, на која се чуваат сите уплати од купувачите до завршувањето на јавната понуда.

- **Податок за бројот на посебната сметка во банка на која ќе се чуваат сите уплати од купувачите до завршувањето на јавната понуда;**
Сите уплати од купувачите до завршувањето на јавната понуда ќе се чуваат на посебна сметка отворена во Охридска банка АД Охрид отворена за таа намена бр.530-0107016985-15.

- **Податоци (назив, седиште, адреса и телефонски број) за овластена берза преку која ќе се врши запишувањето на јавно понудените хартии од вредност со која издавачот за тоа склучил договор и за овластените правни лица – членки на овластената берза и овластениот депозитар и времето во кое заинтересираните лица ќе може да запишат и купат хартии од вредност.**
Запишувањето на јавно понудените акции од II-рата емисија ќе се врши преку Македонска берза на хартии од вредност АД Скопје, ул.Орце Николов бр.75, 1000 Скопје (тел. +389 (2) 3122 055) – овластена берза со која АРЦЕЛОРМИТТАЛ СКОПЈЕ (ЦРМ) АД Скопје склучи договор заведен кај Издавачот под бр.0307-44/14-1 на 13.06.2014 година и заведен кај Македонска берза под бр. 03-877/1 од 16.06.2014 година.
Во продолжение се дадени податоци за овластените правни лица – членки на Македонска берза на хартии од вредност АД Скопје и на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје (Табела бр.3), преку кои заинтересираните лица ќе можат да запишат и купат акции од II-рата (втората) емисија:

***Табела бр.3 Листа на членки на Македонска берза АД Скопје и на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје***

| **Назив и адреса** | **телефони** |
|---|---|
| Комерцијална банка АД Скопје – Дирекција за вршење на услуги со хартии од вредност, “Орце Николов” 3, 1000 Скопје | +389(2) 3247 431<br>+389(2) 3247 432<br>+389(2) 3247 433 |
| Стопанска банка АД Скопје – Дирекција за работа со хартии од вредност и брокерско-посреднички услуги, ул. "11 Октомври" бр.7 – 1000 Скопје | +389(2) 3295 405<br>+389(2) 3295 406<br>+389(2) 3295 407 |
| НЛБ Тутунска банка АД Скопје – Служба за услуги со хартии од вредност, ул.Мајка Тереза бр.1, 1000 Скопје | +389(2) 5100 351<br>+389(2) 5100 352<br>+389(2) 5100 354 |
| ТТК Банка АД Скопје - Оддел за работа со хартии од вредност со седиште во Скопје и Работна единица за тргување со седиште во Битола, ул.”Народен фронт”бр.19А, 1000 Скопје и ул.”Маршал Тито” бр.16, 7000 Битола | +389(2) 3216 530<br>+389(47) 203 691<br>+389 (47) 203 692 |
| ИНВЕСТБРОКЕР АД Скопје, ул."Истарска" бр.33, 1000 Скопје | +389(2) 3110 280<br>+389(2) 3110 290<br>+389(2) 3103 293 |
| ЕУРОХАУС АД Скопје, бул.”Св.Климент Охридски” 52-а, влез1, кат2, бр.5 (зградата Аркадија),1000 Скопје | +389 (2) 3217 095<br>+389 (2) 3217 035<br>+389 (2) 3217 078 |
| Илирика Инвестментс АД Скопје, ул. “Даме Груев” бр.16, БЦ Палома Бјанка, мезанин, локал 9, 1000 Скопје | +389 (2) 3296 540<br>+389 (2) 3296 853<br>+389 (2) 3296 854 |
| Иново Брокер АД Скопје, бул.”Теодосиј Гологанов” бр.60/1-4, 1000 Скопје | +389 (2) 3120 941<br>+389 (2) 3110 949<br>+389 (2) 3110 950 |
| Поштел Брокер АД Скопје, ул."27 Март" - Мал ринг, до х.Јадран, 1000 Скопје | +389 (2) 3224 300<br>+389 (2) 3103 210<br>+389 (2) 3103 211 |
| Фершпед Брокер АД Скопје, ул."Македонија" бр.11-А, 1000 Скопје | +389 (2) 3219 333<br>+389 (2) 3219 310<br>+389 (2) 3219 470 |

## 2.4. Известување дека проспектот е достапен за јавноста и место каде потенцијалните инвеститори ќе може да го добијат проспектот.

Проспектот е јавно достапен документ. За потребите на потенцијалните инвеститори Проспектот е достапен на интернет страницата на Друштвото – www.arcelormittal.com.mk и во просториите на овластените правни лица – членки на Македонска берза на хартии од вредност АД Скопје и Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје, преку кои заинтересираните лица ќе можат да запишат и купат акции од II-рата (втората) емисија.

**Извршен член на Одбор на директори:**



Juan Pedro Jimenez Navarro
Главен извршен директор

**Лице одговорно за изготвување на правните податоци во врска со Проспектот:**

Влатко Десподовски
Адвокат

**Лице одговорно за изготвување на финансиските податоци во врска со Проспектот:**

Душко Дрваров
Главен финансиски директор